**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-2599/**

# З А П И С Н И К

**Од 183.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 14.04.2022 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска, Косана Мазнева Николиќ и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Сузана Николовска-Одделение за сметководство МРТ, Розалина Нелова Димовска-Одделение за правни работи МРТ,Виолета Димеска-Одделение за планирање и реалиација на буџети во МРТ и Иле Тримчески-Одделение за човечки ресурси МРТ. |

***183.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***
Седницата започна во 14:00 часот.
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи да работи по следниов Дневен ред.

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 182.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување на Информација по Заклучок со бр.02-2139/6 од 31.03.2022 година.

3. Разно.

ТОЧКА1:**Разгледување и усвојување на записникот од 182.седница на Програмски совет на МРТ.**
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на разгледување записникот од 182.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 182.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 182.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно усвоен.

ТОЧКА2:**Разгледување на Информација по Заклучок со бр.02-2139/6 од 31.03.2022 година.**
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија даде вовед во оваа точка и предложи да земат збор присутните вработени од службите во МРТ кои имаа доставено Информации по овој Заклучок.
Сузана Николовска од одделението за сметководство на МРТ и Розалина Нелова Димовска од одделението за правни работи во МРТ објаснија дека на ден 18.10.2021 и 19.10.2021 година во седиштето на ЈРП МРТ беа одржани повеќе состаноци за разгледување на можноста за поведување на судски спор како и можноста за наплата на побарувањата од радиодифузна такса, со претставници на неколку адвокатски друштва и претставници од Одделението за правни и нормативни работи и Одделението за сметководство при ЈРП МРТ и тоа: Адвокатско друштво Чакмакова адвокати, Адвокатско друштво Трпеноски, Адвокатско друштво Поленак, Адвокатско друштво Георги Димитров и Адвокат Емил Мифтари.
Во врска со одржаните состаноци со горенаведените Адвокатски друштва и нивните прелиминарни мислења во однос на можноста за поведување на судски спор од страна на ЈРП МРТ за наплата на побарувањата по основ на радиодифузна такса, изготвени се Записници од страна на Одделението за правни и нормативни работи и истите ви ги доставуваме во прилог на оваа Информација.
Со цел ангажирање на Адвокатско друштво за застапување на МРТ во оваа правна работа, горенаведените записници се доставени до Директорот на МРТ за да се направи евалуација на дадените понуди и да се разгледа можноста за склучување на договор за ангажирање на адвокат, заради преземање на сите расположливи правни дејствија согласно позитивните законски прописи за решавање на ова прашање.
Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на РМ, бр.132 од 20.09.2017 година) се брише членот 138, со кој Управата за јавни приходи имала обврска да врши пресметување, утврдување и наплата на радиодифузна такса за корисниците утврдени со законот.
Бришењето на горенаведениот член не ги поништило побарувањата од радиодифузна такса на корисниците за предходниот период до влегување во сила на Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги услуги (Службен весник на РМ, бр.132 од 20.09.2017 година), останува обврската на Управата за јавни приходи за наплата на РДТ како јавна давачка, која треба да се изврши согласно одредбите од Законот за даночна постапка (како и сите други даночни побарување од правни и физички лица).
Неизвесноста, односно несигурноста за наплата на побарувањата од РДТ е во смисла на недефинираните законски одредби од страна на законодавецот во делот на надлежноста на Управата за јавни приходи за наплата на ненаплатените побарувања по основ на радиодифузна такса од физички и правни лица – обврзници, а врз основ на генерирани и доставени решенија од страна на Управата за јавни приходи заклучно со месец Септември 2017 година.
Сметководствениот третман на побарувањата се регулираат со сметководствените политики и проценки кои ги применува деловниот субјект ЈРП МРТ.
Проценката на степенот на несигурност која е поврзана со текот на идните економски користи се прави врз основ на расположиви докази во моментот на изготвување на финансиските извештаи.

Согласно горенаведеното, менаџментот на Јавниот радиодифузен сервис МРТ, прави проценка дека е потребно да се направи целосна исправка на побарувањата од радиодифузна такса во деловната година која завршува на 31.12.2019, во износ од 703.071.769 денари, а во наредниот период секоја наплата по овој основ ќе се приходува.
Во врска со побарувањата од радиодифузна такса и наплатата на истите од страна на Управата за јавни приходи, Менаџментот на Јавниот радиодифузен сервис МРТ во континутет преземаат активности, а се со цел наплата на овие побарувања.
Активностите кои се преземаат од страна на менаџментот се однесуваат на доставување на барање, дописи и информации до сите надлежни институции, а посебно до Управата за јавни приходи како орган на државната управа во состав на Министерството за финансии.
Во периодот по донесување на на Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги услуги на 20.09.2017 година, испратени се дописи до Управата за јавни приходи во кои се бара средба со одговорните лица на Управата, а со цел наоѓање на заедничко решение за наплата на побарувањата од РДТ согласно Законот за даночна постапка, како и дадени предлози од страна на МРТ, средствата кои ќе ги наплати УЈП по основ на РДТ, Јавниот сервис МРТ ќе ги намени за плаќање на даночни и други обврски кон државата.
Во прилог на овој допис Ви доставуваме, испратени дописи до сите надлежни институции за решавање на финансиската состојба во која се наоѓа Јавниот сервис.
Во врска со Музичката продукција Виолета Димеска од одделението за планирање и реалиација на буџети во МРТ даде информација по однос на финансиските средства од Финансискиот извештај на МРТ за 2021 година, наменети за Музичката продукција, односно зошто се толку обемни кога истата продукција не функционира, од Заклучокот донесен од страна на членовите на Програмскиот совет на ЈРП МРТ на 181-та седница одржана на ден 30.03.2022 година, и информираше за следното:
-Во текот на 2021 година во рамки на Музичката продукција на ЈРП МРТ до месец Мај беа вработени 7 лица, но по смртта на Тодор Трајчевски останаа 6 лица, од нив, во текот на 2022 година, 4 лица треба да заминат во редовна пензија.
Во делот на финансиските средства, односно вкупно остварени трошоци во текот на 2021 година во оваа продукција состојбата е следна:
-вкупните бруто плати за сите вработени за 2021 година изнесуваат 4.017.467 денари, додека пак останатите остварени трошоци опфаќаат:

| | |
|---|---|
| - трошоци за регрес за годишен одмор | 76.488 денари |
| - трошоци за исплатена помош во случај на смрт на вработен | 56.400 денари |
| - трошоци за фиксни телефони | 236 денари |
| - трошоци за мобилни телефони | 1.220 денари |
| Вкупно остварени трошоци | 4.151.811 денари |

Членот Гајур Рамадани по ова истакна дека ова ни дава до знаење дека музичката продукција полека со времето ја губи својата функција, а од инфомрацијава се гледа дека истата ќе остане со двајца вработени, и затоа менаџментот треба да подразмисли што понатака бидејќи со двајца вработени тоа не е функционално во целост.

**ТОЧКА 3:Разно.**
По однос на оваа точка беа доставени три дописи пристигнати по пошта до програмскиот совет:
-Приговор од Африм Азири со бр.04-965/8 од 24.03.2022 г.,
-Пријава од Ефто Пупиноски со бр.03-2504/1 од 11.04.2022 г,
-Барање од Ѓорѓи Трпески со бр.04-2364/1 од 06.04.2022 г.

Во врска со приговорот на вработениот Африм Азири до Програмскиот совет, за збор се јави Ристе Панов каде образложи дека ова е втор приговор од Африм и се однесува на веќе донесената одлука на Програмскиот совет кој тогаш го одби неговиот прв приговор и го прифати Решението на Директорот на МРТ за дисциплинска неуредност. Во согласност со Законот за јавни претпријатија во член 37-т е предвидено, против одлуката на директорот за утврдена дисциплинска неуредност се поднесува жалба до надлежен орган-Програмскиот совет во рок од 8 дена, за кој рок во вториот приговор е изминат повеќе од 8 дена од решението на директорот. Во согласност со член 37-о во став 7 е предвидено, против одлуката на управниот одбор може да се поднесе тужба пред надлежен суд во рок од 15 дена од денот на нејзиниот прием, со што вработениот по добиената одлука на ПС, требал да поднесе тужба до надлежен суд, а не повторно да поднесува приговор до ПС, како што е предвидено во правната поука од решението.
По дискусијата Програмскиот совет го одби приговорот на вработениот Африм Азири.

Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија по оваа точка конкретно по пријавата на Ефто Пупиноски доставена до Програмскиот совет истакна дека освен што покажува дрскост, покажува дека и во нашиот совет има членови кои даваат информации од нашите внатрешни разговори,а тоа е веќе констатирано на предходната седница на советот.
Јас бев тој што го спомна Пупиноски на последниот состанок,и иако го немаше во записникот, некој од советот го известил дека е споменато неговото име.
Освен тоа во писмото тој дезинформира и се однесува дека ние, како совет и вработените во МРТ да работиме за него, а не за јавен сервис.
Од почетокот на писмото тој вели „од некои извори во МРТ“, бидејќи внатре има луѓе кои работат за него, а потоа во вториот пасус продолжува: „Јошко Бошковски ние го теретиме за злоупотреба на службената должност...“, што не е вистина.
Во писмото тој дури и го брани „својот информатор“ во Програмскиот совет кога вели дека:“за незаконското работење на Јошко Бошковски не се виновни ниту Програмскиот совет ниту Пупиноски...“, што го потврдува нашиот сомнеж дека од внатре советот има „соработник“.
Освен двајца членови на Програмскиот совет (записници бр.159,164 и 169), никој друг не го спомнал господинот Бошковски за злоупотреба.
Второ, долго време се спомнува само господинот Бошковски, додека во МРТ има околу 30 вработени кои се и автори на музички дела дела кои се емитуваат и на МРТ.
Почнувајќи од Орце Гелевски, Оливер Димитров (кој дури и објавува свои текстови на радиото на албански јазик), Татјана Петровска, Борче Брзанов, Авни Ќаили (за кој Комисијата има констатирано дека ја злоупотребувал функцијата уредник),Авни Алиу, Кокан Димушевски, Сашо Гигов, Драган Стојковски ... и многу други пуштаат своја музика на МРТ. Впрочем и самиот Пупиноски често го гледаме во емисијата Фолк џубокс на Татјана Петровска,која истовремено е автор и на песните на Пупиноски. Но за жал ова никогаш не го спомнав како злоупотреба, ниту Оливер Димитров и било кој друг автор - вработен што пушта музика на МРТ.
Ефто Пупиноски дури и со фејсбук статус ја дезинформира јавноста или така бил дезинформиран од некој од советот дека ние како тело „по спроведени истраги утврдивме дека господинот Бошковски има добиено три пати повеќе средства од сите други автори, поточно 24 илјади евра“.
Ова е лага, ние не сме констатирале ништо, жал ми е што дозволуваме долго време да се споменува само еден автор-вработен во МРТ. Впрочем, Јошко Бошковски е единствениот меѓу 30-те вработени каде што според официјалниот документ од координација и евиденција, има најмалку емитувани песни на радио: во 2015 година - 0,6 песни дневно, во 2016 година - 0,8 песни, во 2017 година - 1,2 песни, во 2018 година - 1,4, во 2019 година - 1,6, во 2020 година - 1,4.

Додека дури и на листата што самиот Пупиновски ја објави, излегува дека во 2019 година, Бошковски бил на 8-мо место,а не на првото место како што некој шпекулира.
Комисијата на МРТ треба да ги истражи сите, а не само еден,треба да се истражат и другите уредници,меѓу кои и Оливер Димитров, па дури и Славе Димитров,кои исто како и Пупиноски на националната телевизија го клеветат Програмскиот совет на МРТ и сериозно ја обвинија МРТ за злоупотреби.
Никогаш нема да прифатам селективни истраги и тоа треба да го има предвид Комисијата во МРТ и ние како Програмски совет на МРТ.
Од тие причини мислам дека ние како Програмски совет на МРТ не треба да се впуштаме во „војната“ и меѓусебните препреки што се случуваат во ЗАМП.
Како Програмски совет мораме да ги штитиме интересите на јавниот сервис, а не одредени личности кои за лични интереси го нарушуваат имиџот на МРТ.
Снежана Клинчарова посочи дека ова писание на Ефто Пупиноски го разбрав како тоа дека извори од Македонското радио му соопштиле дека неговите песни се симнати од листинзите за емитување во МРА и МТВ, и ако е тоа така тогаш е сериозен прекршок, и важно е кој тоа го направил и како.
Ако е ова навистина така а ние како Програмски совет немаме инструмент како тоа да го утврдиме, затоа предлагам Заклучок без да ја шириме многу дискусијата оваа пријава да ја упатиме до Комисијата за утвдување на одговорност во МРТ на нивно одлучување.
Заклучокот беше усвоен од Програмски совет на МРТ.
Впрочем, една од главните задачи на Програмскиот совет на МРТ е да го штити јавниот интерес, додаде Клинчарова.

Потоа беше разгледано и барање од Ѓорѓи Трпески со бр.04-2364/1 од 06.04.2022 г., по кое беше укажано од службите дека за оваа година добиен е одговор од Министерството за финансии дека треба да се тргнат сите унапредувања што се предвидени за 2022 година, така да за 2022 година не може да се постапи по вакво или слично барање.

Седницата заврши во 15.20 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

Ведат Мемдалија
зам.претседател